ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVEN AND PROTECTION AGA DISCRIMINAT

Архивски број: 0801-277/7

Датум: 9.9. 2021 година

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација постапувајќи по преставката со архивски број 0801-277/1 од 26.09.2019 поднесена од [redacted] од Штип, ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Штип. В.Д Директорот [redacted] врз основа на член 27 и член 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен весник на РСМ број 258/2020 од 30.10.2020), на 6.09.2021 го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

***Не се утврдува дискриминација од страна на В.Д Директорот [redacted] на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Штип. кон [redacted], врз основ на образование во областа на работа и работни односи.***

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за заштита од дискриминација е поднесена претставка бр. 0801-277/1 од 26.09.2019 поднесена од [redacted] против В.Д Директорот [redacted] на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Штип. Согласно чл. 47 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020 од 30.10.2020) започнатите постапки за заштита од дискриминација, како и за поднесените претставки по кои не е започната постапка до денот до влегување на овој закон во сила, ќе завршат според одредбите на овој закон, односно истите ќе бидат преземени и завршени од страна на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

Во претставката подносителот наведува дека на 13.09.2019 добила решение за распоредување на работно место Финансиски контролор II со 180 кредити врз основа на систематизацијата од 06-2019 во која има систематизирано работно место со 240 кредити во служба за исплата на материјални права, во која спаѓаат и правата од детска заштита, работно место кое што не е пополнето. Подносителката наведува дека иако постои слободно работно место согласно нејзиното образование, директорот не и го дава а од друга страна и врши мобинг за да ги извршува обврските од истото работно место, додека решението и гласи за друго работно место. Во претставката е наведено дека од 10.07.2019 до поднесување на претставката со последната систематизација произлезена од Законот за социјална заштита од 23.05.2019 дискриминирана е со звање со 180 кредити како и пониска плата за 5.000,00 денари од останатите колеги на кои им е признаено образование со 240 кредити.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација сметаше дека наводите од претставката и приложените докази го прават тврдењето на подносителот веројатно и дека товарот на докажување треба да премине на потенцијалниот дискриминатор. На 16.08.2021 Комисијата согласно чл. 24, ст. 7 и чл. 26 од Законот за спречување и заштита од дискриминација достави Известување со барање за произнесување по наводите од претставката до ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Штип заверено со архивски број 0801-277/5 и до [redacted] заверено со архивски број 0801-277/6 од 16.08.2021.

На 26.08.2021 година ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа-Штип достави одговор по барањето за изјаснување заверено со архивски број 0801-277/6. Во одговорот е наведено дека [redacted] е со статус на Јавен службеник на неопределено време и распоредена на работно место Финансиски контролор II со звање виш соработник во оддел административни и помошно технички работи и управување со човечки ресурси со решение бр. 04-1260/1 од 30.10.2015 година, за кое нема поведувано жалба. Во 2019 година со измена на Правилникот на систематизацијата сите вработени добиле нови решенија согласно новата систематизација од 25.06.2019 година која е одобрена од Управен одбор и е со согласност на МТСП и МУОА и бидејќи систематизацијата не била променета во делот на административни службеници, вработената на 10.07.2019 прима ново решение за распоредување со истото работно место и истите работни задачи.

Од приложените документи и од поднесената претставка Комисијата констатира дека подносителката по добивање на Решението за стекнување на статус на јавен службеник и распоредување на работно место од 10.07.2019 незадоволна поднела жалба до Агенцијата за администрација која жалба со одлука бр.09.533/5 од 29.10.2019 година е одбиена како неоснована со образложение дека работното место со 240 ЕКТС не било пополнето бидејќи за истото било потребно кандидатот да поседува лиценца за работа предвидено во член 236 од Законот за социјална заштита, а [redacted] не поседувала таква лиценца. Понатаму, во одлуката е наведено дека начинот на пополнување на работни места на административни службеници е утврден во глава IV од Законот за административни службеници, член 30 став 1 каде што е наведено дека пополнувањето на работно место се врши преку спроведување на постапка за вработување, унапредување и мобилност преку распоредување или преземање. Мобилноста преку распоредување е утврдена во член 43 став 1 според кој вработениот во јавен сектор на негово барање или по потреба може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво... за што е констатирано дека ЈУ Меѓуоптшински постапил согласно законските прописи, односно [redacted] е распоредена на истото работно место на кое била и претходно распоредена, со иста плата како и претходно. Подносителката поднела жалба до Агенција за администрација и против решението за плата бр.04-1338/1 од 08.11.2019 која исто така со одлука бр.09-348/4 од 15.04.2019 е одбиена како неоснована.

Исто така, од приложените документи, Комисијата увиде дека [redacted] на 07.05.2020 до Основен суд Штип поднела тужба против ЈУ МЦСР Штип со која бара поништување на решение за плата за административен службеник. Истото со пресуда на Основен суд Штип РП бр.228/20 од 09.03.2021 е одбиено. Против оваа пресуда истата до Апелационен суд во Штип поднела жалба која со Пресуда РОЖ 269/21 од 01.06.2021 е одбиена како неоснована.

До основен суд Штип подносителката има поднесено и втора Тужба против ЈУ МЦЦР Штип со која бара да се задолжи тужениот да и исплати на подносителката разлика на плата. Со Пресуда на Основен Суд Штип РО бр.129/20 од 25.03.2021 тужбата е одбиена како неоснована. Истата незадоволна од пресудата поднела жалба до Апелационен суд во Штип која е со Пресуда РОЖ 306/21 од 14.06.2021 година одбиена како неоснована.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на сите расположливи писмени докази доставени во предметот, констатира дека ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа во согласност со закон ја пресметал платата и на правилен начин и ги утврдил вкупните бодови на подносителката на претставка, распоредена на работно место-финансиски контролор II со звање виш соработник. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа со носење на нов Правилник за систематизација на работни места бр.01-754/1 од 25.06.2019, подносителката добила ново Решение за распоредување на работно место, со што не и е извршена промена на работното место ниту промена на платата. Односно согласно Правилникот за систематизација на работните места во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа-Штип, подноситеакта е распоредена на работно место Финансиски контролор II со звање виш соработник и согласно член 87 ст. 1, 2 и 3 од Законот за административни службеници плата се пресметува според бодовите на степен на образование, односно подносителката има 200 бода за образование, 246 бода за додаток на плата или вкупно 446.

Комисијата го имаше во предвид членот 110-б став 3 од Законот за социјална заштита каде е уредено дека прашањата кои се однесуваат на квалификација, евиденција, вработување унапредување, стручно усовршување и оспособување, мерење на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници во јавните установи за социјална заштита се применуваат одредбите од Законот за административни службеници. Согласно член 85 став 1 од Законот за административни службеници, административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон освен ако со посебен закон и колективен договор поинаку не е уредено.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, по разгледувањето на наводите од претставката, доказите кон претставката, поднесоците за произнесување на потенцијалниот дискриминатор и важечката законска регулатива, констатира дека не е извршена дискриминација по основ на образование од страна на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа.

При оценка на доказите Комисијата посебно посвети внимание дали подносителката [redacted] била ставена во неповолна состојба поради своето образование и дали претрпела недозволен, нееднаков третман. Комисијата при утврдување на неповолниот третман во однос на утврдување на дискриминација односно утврдување на постоење на друго лице во материјално слични околности, утврдува дали главната разлика меѓу две лица е основата на заштита, а во конкретниот случај, Комисијата не утврди дека е сторено разликување по основ на образование на подносителката .

Поради сето горе наведено Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до:

1. [redacted] Штип
2. ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа, Ул. Партизанска бр. 31 А , 2000 Штип